**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 26.11.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6017 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 11 до 20 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 26 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма“).
- **Член 75-б од Изборниот законик** („Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект“).
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Не беше достигнат минималниот аналитички примерок од 2 часа. Во периодот од 11 до 20 ноември, евидентирани се вкупно – 1 час 22 минути и 19 секунди новинарски прилози за внатрешно-политички и за други актуелни општествени теми, емитувани во централните изданија на радио-дневникот од 16:30 часот, продуциран од Радио Слободна Македонија.

***Посебни информативни емисии***

*Интервјуа*

На 14 ноември од 11 часот (репризно од 21 часот истиот ден, и на 15 ноември од 1 часот по полноќ), во емисијата „Кворум" емитувано е интервју со Владимир Пешевски, најавен како член на Извршниот одбор на ВМРО ДПМНЕ. Теми беа: потенцијалите на пратеничките листи на Коалицијата за подобра Македонија, причините да се инсистира на минимум 63 пратеника во Собранието на Република Македонија, разликите во политичките практики и во програмските принципи што ги спроведуваат наспроти опозицискиот СДСМ, и односот на двете најголеми македонски партии кон албанското гласачко тело.

На 16 ноември од 11 часот (репризно од 21 часот истиот ден, и на 17 ноември од 1 часот по полноќ), во емисијата „Круг", за повеќе аспекти на темата – предвремени парламентарни избори: прочистување на избирачкиот список, кандидатските листи на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ, партиските програми и настапот пред гласачкото тело, како и за можното влијание од изборот на Трамп врз политичките релации на државите од Балканот - реализирано е интервју со политичкиот аналитичар Петар Арсовски.

На 17 ноември, од 11 часот (репризно од 21 часот истиот ден, и на 18 ноември од 1 часот по полноќ), во емисијата „Бројки", емитувано е интервју со Славчо Трпевски, директорот на Агенцијата за катастар и недвижности.

На 18 ноември, од 11 часот (репризно од 21 часот, и на 19 ноември од 1 часот по полноќ) во емисијата „Пулт", реализирано е интервју со новинарот Цветин Чилиманов, а темите за разговорот се најавени на следниов начин (цитат): *„Изборите во Македонија ќе се случат за точно 23 дена. Во понеделник, официјално започнува изборната кампања, уште денеска ДИК со ждрепка ќе ги утврди броевите под кои партиите ќе се натпреваруваат на 11 декември. Каква кампања нè очекува? Кои ќе бидат главните адути на политичките партии? Научија ли нешто македонските лидери од кампањата и изборите во САД?"*

На 19 ноември, од 11 часот (репризно на 20 ноември од 1 часот по полноќ) во емисијата „Полиграф", направено е интервју со проф. д-р Александар Даштевски, главна тема се глобалните политички очекувања од изборот на Доналд Трамп за претседател на САД, но интервјуто опфаќа и актуелни, македонски внатрешно-политички теми, со главна теза дека се - работата на СЈО, на Хелсиншкиот комитет, на Фондацијата - Отворено општество и протестите на „Шарената револиција", во непосредна изборна функција на опозицискиот СДСМ.

*Други информативни програми*

На 11 ноември, од 11 часот (репризно од 21 часот, и до 1 по полноќ на 12 ноември), изданието на „Пулт" е реализирано како актуелно-информативна емисија, колажно составена од посебни новинарски прилози на различни внатрешно-политички и глобално актуелни теми: изборот на Трамп за претседател на САД; работата на ДИК и организацијата на изборниот процес; коментар во врска со кандидатските листи и новосоздадените коалиции; петнаесетминутно интервју со Самуел Жбогар, амбасадорот на ЕУ мисијата во Република Македонија, со акцент врз работата на СЈО и Извештајот на ЕК за демократските процеси во државата.

***Сектор за програмски работи***